# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 април 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на Националната класификација на занимањата („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/11 и 178/15) во Прилогот Национална класификација на занимањата, главна група 1 „ЧЛЕНОВИ НА ЗАКОНОДАВНИ И ИЗВРШНИ ТЕЛА, ДРЖАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ, РАКОВОДНИ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ДИПЛОМАТИ И ДИРЕКТОРИ“, Подгрупа 11 „Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници и дипломати“, споредна група 111 „Генерални и извршни директори, раководни државни службеници, функционери кои раководат со други органи на државната управа, дипломати и дипломатски службеници“, во единечната група 1112 „Високи владини функционери“, по шифрата 1112.04, се додаваат четири нови шифри 1112.05, 1112.06, 1112.07 и 1112.08, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „1112.05 | Советник на претседателот на Владата |
| 1112.06 | Координатор во Владата |
| 1112.07 | Национален координатор во Владата |
| 1112.08 | Заменик на националниот координатор во Владата“ |

Во единечната група 1114 „Високи функционери во судството и во организации од посебен интерес,” по шифрата 1114.38, се додаваат две нови шифри 1114.39 и 114.40, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „1114.39 | Претседател на организации на работодавачи |
| 1114.40 | Извршен директор на организација на работодавачи” |

Во единечната група 1122 „Раководни државни службеници на Собранието, Владата и органите на државната управа”, по шифрата 1122.10, се додава нова шифра 1122.11, која гласи:

| | |
|---|---|
| „1122.11 | Советник на директорот” |

Во Подгрупа 12 „Административни и комерцијални директори”, споредна група 121 „Директори за деловни услуги и администрација”, во единечната група 1219 „Директори за деловни услуги и администрација кои не се класифицирани на друго место”, по шифрата 1219.01 се додаваат две нови шифри 1219.02 и 1219.03, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „1219.02 | Менаџер за одржлив развој |
| 1219.03 | Директори на претпријатија за продажба, маркетинг и развој” |

Во споредна група 122 „Директори на претпријатија за продажба, маркетинг и развој”, во единечната група 1221 „Директори на претпријатија за продажба и маркетинг”, по шифрата 1221.08, се додаваат две нови шифри 1221.09 и 1221.10, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „1221.09 | Менаџер за маркетинг и продукт |
| 1221.10 | Менаџер за бизнис-продажба” |

Во Подгрупа 13 „Директори на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги”, споредна група 132 „Директори на претпријатија за индустриско производство, рударство, градежништво и дистрибуција”, во единечната група 1324 „Директори на претпријатија за транспорт, складирање и врски”, по шифрата 1324.19, се додава нова шифра 1324.20, која гласи:

| | |
|---|---|
| „1324.20 | Менаџер за управување со отпад” |

Во главна група 2 „СТРУЧЊАЦИ И НАУЧНИЦИ”, Подгрупа 21 „Стручњаци за наука и инженеринг”, споредна група 213 „Стручњаци од областа на природните науки”, во единечната група 2132 „Биолози, патолози, фармаколози, ботаничари, зоолози и сродни стручњаци”, по шифрата 2132.21, се додава нова шифра 2132.22, која гласи:

| |
|---|
| „2132.22 Шумски инженер/шумар” |

Во единечната група 2133 „Стручњаци за заштита на животната средина”, по шифрата 2133.11, се додаваат две нови шифри 2133.12 и 2133.13, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2133.12 | Специјалист за квалитет на водата |
| 2133.13 | Еколог за оценка на влијанието врз животната средина” |

Во споредна група 214 „Стручњаци за инженеринг”, во единечната група 2141 „Индустриски и производни инженери”, по шифрата 2141.14, се додава нова шифра 2141.15, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2141.15 | Менаџер за логистика” |

Во единечната група 2143 „Инженери за животна средина”, по шифрата 2143.11, се додава нова шифра 2143.12, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2143.12 | Советник за енергетска ефикасност” |

Во единечната група 2144 „Машински инженери”, по шифрата 2144.44 се додава нова шифра 2144.45, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2144.45 | Специјалист за дизајн на турбини” |

Во единечната група 2149 „Стручњаци за инженеринг, некласифицирани на друго место“, по шифрата 2149.08, се додаваат две нови шифри 2149.09 и 2149.10, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2149.09 | Еколошки инженер |
| 2149.10 | Инженер за производство на биогориво” |

Во споредна група 215 „Инженери за електротехнологија”, во единечната група 2151 „Електро инженери”, по шифрата 2151.30, се додаваат четири нови шифри 2151.31, 2151.32, 2151.33 и 2151.34, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2151.31 | Инженер за испитување електроенергетски уреди и дијагностика |
| 2151.32 | Инженер за соларни панели |
| 2151.33 | Инженер за ветерни турбини |
| 2151.34 | Инженер за хидроелектрани” |

Во единечната група 2152 „Инженери за електроника”, по шифрата 2152.18, се додава нова шифра 2152.19, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2152.19 | Дизајнер на соларни системи” |

Во единечната група 2153 „Инженери за телекомуникации”, по шифрата 2153.05, се додава нова шифра 2153.06, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2153.06 | Истражувач за подобрување на соларната технологија” |

Во споредна група 216 „Архитекти, планери, геодети и дизајнери”, во единечната група 2161 „Градежни архитекти”, по шифрата 2161.05, се додава нова шифра 2161.06, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2161.06 | Архитект за еколошки градби” |

Во единечната група 2163 „Дизајнери на производи и облека”, по шифрата 2163.09 се додаваат две нови шифри 2163.10 и 2163.11, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2163.10 | Дизајнер на пакување |
| 2163.11 | Оператор на системи во индустријата за облека” |

Во единечната група 2166 „Графички и мултимедија дизајнери”, по шифрата 2166.09 се додаваат 10 нови шифри 2166.10, 2166.11, 2166.12, 2166.13, 2166.14, 2166.15, 2166.16, 2166.17, 2166.18 и 2166.19, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2166.10 | Дизајнер за мултимедија |
| 2166.11 | Веб-дизајнер специјалист |
| 2166.12 | Графички дизајнер специјалист |
| 2166.13 | Илустратор |
| 2166.14 | Видео уредник |

| | |
|---|---|
| 2166.15 | Специјалист за визуелни ефекти |
| 2166.16 | Дизајнер на движечка графика |
| 2166.17 | 3Д-аниматор |
| 2166.18 | Дизајнер на карактери |
| 2166.19 | 3Д-артист” |

Во Подгрупа 22 „Стручњаци од областа на здравството”, споредна група 222 „Медицински сестри и акушери”, во единечната група 2221 „Медицински сестри”, по шифрата 2221.10, се додава нова шифра 2221.11, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2221.11 | Медицинска сестра по професионално здравје” |

Во споредна група 226 „Други стручњаци за здравство”, во единечната група 2269 „Стручњаци во здравството, некласифицирани на друго место”, по шифрата 2269.04, се додава нова шифра 2269.05, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2269.05 | Специјалист за безбедност и здравје при работа“ |

Во Подгрупа 23 „Стручњаци за образование”, споредна група 231 „Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки”, во единечната група 2310 „Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки”, по шифрата 2310.60, се додаваат четири нови шифри 2310.61, 2310.62, 2310.63 и 2310.64, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2310.61 | Соработник истражувач во општествените науки |
| 2310.62 | Научен соработник во општествените науки |
| 2310.63 | Виш научен соработник во општествените науки |
| 2310.64 | Научен советник во општествените науки” |

Во споредна група 232 „Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки”, во единечната група 2320 „Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки”, по шифрата 2320.99, се додаваат четири нови шифри 2320.100, 2320.101, 2320.102 и 2320.103, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2320.100 | Соработник истражувач во природните науки |
| 2320.101 | Научен соработник  во природните науки |
| 2320.102 | Виш научен соработник во природните науки |
| 2320.103 | Научен советник во природните науки” |

Во  споредна група 235 „Друг наставен кадар за образование”, во единечната група 2359 „Друг наставен кадар за образование, некласифициран на друго место”, по шифрата 2359.19, се додаваат две нови шифри 2359.20 и 2359.21, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2359.20 | Образовен асистент за деца со попреченост |
| 2359.21 | Образовен асистент” |

Во Подгрупа 24 „Стручњаци за бизнис и администрација”, споредна група 241 „Стручњаци за финансии”, во единечната група 2411 „Сметководители”, по шифрата 2411.16, се додаваат две нови шифри 2411.17 и 2411.18, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2411.17 | Внатрешен ревизор |
| 2411.18 | Овластен ревизор” |

Во единечната група 2412 „Финансиски и инвестициски советници”, по шифрата 2412.08, се додаваат 13 нови шифри 2412.09, 2412.10, 2412.11, 2412.12, 2412.13, 2412.14, 2412.15, 2412.16, 2412.17, 2412.18, 2412.19, 2412.20 и 2412.21, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2412.09 | Координатор на дирекција |
| 2412.10 | Соработник за супервизија |
| 2412.11 | Соработник за лиценцирање |
| 2412.12 | Соработник за актуарски работи во осигурувањето |
| 2412.13 | Раководител за осигурување |
| 2412.14 | Раководител за штети |
| 2412.15 | Раководител за реосигурување |
| 2412.16 | Соработник за развој на класи на осигурување |
| 2412.17 | Соработник за реосигурување и соосигурување |
| 2412.18 | Соработник за оценка на ризик |
| 2412.19 | Контролор за проценка на штети |
| 2412.20 | Соработник за гарантен фонд |
| 2412.21 | Соработник за штети за неосигурени и непознати возила” |

Во споредна група 242 „Стручњаци за администрација”, во единечната група 2421 „Аналитичари на менаџмент и организација”, по шифрата 2421.16, се додава нова шифра 2421.17, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2421.17 | Административен асистент” |

Во единечната група 2422 „Стручњаци за правна администрација”, по шифрата 2422.07 се додаваат шест нови шифри 2422.08, 2422.09, 2422.10, 2422.11, 2422.12 и 2422.13, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2422.08 | Стручен соработник |
| 2422.09 | Самостоен соработник |
| 2422.10 | Самостоен советник |
| 2422.11 | Застапник на права од интелектуална сопственост |
| 2422.12 | Советник за климатски промени |
| 2422.13 | Специјалист за циркуларна економија” |

Во единечната група 2423 „Кадровски стручњаци”, по шифрата 2423.07 се додаваат две нови шифри 2423.08 и 2423.09, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2423.08 | Специјалист за човечки ресурси |
| 2423.09 | Регрутер” |

Во споредна група 243 „Стручњаци за продажба, маркетинг и односи со јавноста”, во единечната група 2431 „Стручњаци за маркетинг и реклама”, по шифрата 2431.08, се додаваат пет нови шифри 2431.09, 2431.10, 2431.11, 2431.12 и 2431.13, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2431.09 | Бренд-менаџер |
| 2431.10 | Специјалист за дигитален маркетинг |
| 2431.11 | Дигитален маркетер |
| 2431.12 | Специјалист за еко маркетинг |
| 2431.13 | Специјалист за оптимизација на интернет-пребарувачи" |

Во единечната група 2433 „Стручњаци за продажба на техника и медицински препарати", по шифрата 2433.03 се додава нова шифра 2433.04, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2433.04 | Медицински претставник" |

Во Подгрупа 25 „Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија", споредна група 251 „Развивачи и аналитичари на софтвер и апликации", во единечната група 2511 „Систем аналитичари (системски аналитичари)", по шифрата 2511.13, се додаваат пет нови шифри 2511.14, 2511.15, 2511.16, 2511.17 и 2511.18, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2511.14 | Инженер за оптимизација на системи и е-услуги |
| 2511.15 | Офицер за заштита на лични податоци |
| 2511.16 | Научник за податоци |
| 2511.17 | Аналитичар за оптимизација на ветерни фарми |
| 2511.18 | Аналитичар за одржливост на био горива" |

Во единечната група 2512 „Развивачи на софтвер", по шифрата 2512.05, се додаваат седум нови шифри 2512.06, 2512.07, 2512.08, 2512.09, 2512.10, 2512.11 и 2512.12, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2512.06 | Развивач на апликации НЕТ/Азуре |
| 2512.07 | Развивач на апликации ЈаваСкрипт |
| 2512.08 | Специјалист за операции со вештачка интелигенција |
| 2512.09 | Инженер за вештачка интелигенција |
| 2512.10 | Инженер за машинско учење |
| 2512.11 | Специјалист за етика во вештачката интелигенција |
| 2512.12 | Инженер за обработка на природен јазик" |

Во единечната група 2513 „Развивачи на веб и мултимедија", по шифрата 2513.05, се додаваат две нови шифри 2513.06 и 2513.07, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2513.06 | Дизајнер на игри |
| 2513.07 | Развивач на игри" |

Во единечната група 2514 „Програмери за апликација", по шифрата 2514.04, се додава нова шифра 2514.05, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2514.05 | Програмер за апликации" |

Во единечната група 2519 „Развивачи и аналитичари на софтвер и апликација, некласифицирани на друго место", по шифрата 2519.03, се додаваат четири нови шифри 2519.04, 2519.05, 2519.06 и 2519.07, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2519.04 | Тестирач на софтвер |
| 2519.05 | Инженер за автоматско тестирање |
| 2519.06 | Координатор за обезбедување квалитет на тестирање |
| 2519.07 | Менаџер за обезбедување квалитет на тестирање” |

Во споредна група 252 „Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи”, во единечната група 2521 „Дизајнери на бази на податоци и администратори”, по шифрата 2521.03, се додаваат седум нови шифри 2521.04, 2521.05, 2521.06, 2521.07, 2521.08, 2521.09 и 2521.10, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2521.04 | Програмер на бази на податоци |
| 2521.05 | Администратор на системски софтвер за заштита на податоци |
| 2521.06 | Администратор на системска инфраструктура |
| 2521.07 | Инженер за податоци |
| 2521.08 | Аналитичар на податоци |
| 2521.09 | Администратор на бази |
| 2521.10 | Инженер на бази” |

Во единечната група 2522 „Систем администратори (системски администратори)”, по шифрата 2522.02, се додаваат три нови шифри 2522.03, 2522.04 и 2522.05, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2522.03 | Администратор на мрежи |
| 2522.04 | Администратор на облак |
| 2522.05 | Специјалист за операции на облак” |

Во единечната група 2529 „Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи, некласифицирани на друго место”, по шифрата 2529.04, се додаваат шест нови шифри 2529.05, 2529.06, 2529.07, 2529.08, 2529.09 и 2529.10, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „2529.05 | Специјалист за информатичка безбедност |
| 2529.06 | Аналитичар за сајбер безбедност |
| 2529.07 | Етички хакер |
| 2529.08 | Инженер за безбедност |
| 2529.09 | Инженер за безбедност во облак |
| 2529.10 | Компјутерски форензички аналитичар” |

Во Подгрупа 26 „Правни, општествени и стручњаци од областа на културата”, споредна група 261 „Правни стручњаци”, во единечната група 2611 „Правни застапници”, по шифрата 2611.09, се додава нова шифра 2611.10, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2611.10 | Нотарски стручен соработник” |

Во споредна група 263 „Специјалисти за општествени науки и религија”, во единечната група 2635 „Специјалисти за социјални работи и советување”, по шифрата 2635.12, се додава нова шифра 2635.13, која гласи:

| | |
|---|---|
| „2635.13 | Ментор за работна интеграција” |

Во главна група 3 „ТЕХНИЧАРИ И СРОДНИ ЗАНИМАЊА”, Подгрупа 31 „Помошни стручњаци за наука и инженеринг”, споредна група 311 „Помошни стручњаци за физика и инженеринг”, во единечната група 3113 „Техничари за електротехника”, по шифрата 3113.21, се додаваат пет нови шифри 3113.22, 3113.23, 3113.24, 3113.25 и 3113.26, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3113.22 | Електротехничар за испитување електроенергетски уреди и дијагностика |
| 3113.23 | Раководител на испитна лабораторија |
| 3113.24 | Техничар за инсталација и одржување фотоволтаични системи |
| 3113.25 | Техничар за одржување ветерни електрани |
| 3113.26 | Техничар за одржување хидроцентрали” |

Во единечната група 3115 „Техничари за машинство и сродни занимања”, по шифрата 3115.49, се додаваат три нови шифри 3115.50, 3115.51 и 3115.52, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3115.50 | Ракувач на машини |
| 3115.51 | Оператор на машини |
| 3115.52 | Техничар за машини” |

Во единечната група 3119 „Техничари за физика и инженеринг кои не се класифицирани на друго место”, по шифрата 3119.23, се додаваат пет нови шифри 3119.24, 3119.25, 3119.26, 3119.27 и 3119.28, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3119.24 | Техничар за соларни панели |
| 3119.25 | Инсталатер на ветерни турбини |
| 3119.26 | Техничар за енергетска ефикасност |
| 3119.27 | Техничар за рециклирање |
| 3119.28 | Контролор на загадувањето на воздухот” |

Во споредна група 314 „Техничари за природни науки и слично”, во единечната група 3142 „Земјоделски техничари”, по шифрата 3142.12, се додава нова шифра 3142.13, која гласи:

| | |
|---|---|
| „3142.13 | Советник за одржливо земјоделство” |

Во Подгрупа 32 „Техничари и асистенти во здравството”, споредна група 321 „Медицински и фармацевтски техничари”, во единечната група 3211 „Оператори со медицинска опрема”, по шифрата 3211.11, се додаваат седум нови шифри 3211.12, 3211.13, 3211.14, 3211.15, 3211.16, 3211.17 и 3211.18, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3211.12 | Оператор |
| 3211.13 | Оператор на производствена линија |
| 3211.14 | Оператор на прецизни машини |
| 3211.15 | Оператор во хемиско производство |
| 3211.16 | Оператор во козметичко производство |
| 3211.17 | Оператор во фармацевтска индустрија |
| 3211.18 | Оператор со дигитални технологии и автомати во текстилната и конфекциската индустрија” |

Во споредна група 325 „Други професионални соработници во здравството”, во единечната група 3255 „Техничари и асистенти за физиотерапија”, по шифрата 3255.04, се додава нова шифра - 3255.05, која гласи:

| | |
|---|---|
| „3255.05 | Реедукатор на психомоторика” |

Во единечната група 3257 „Инспектори и помошници по здравство и животна средина”, по шифрата 3257.10, се додава нова шифра 3257.11, која гласи:

| | |
|---|---|
| „3257.11 | Инспектор за безбедност и здравје при работа” |

Во споредна група 332 „Агенти и брокери за продажба и купување”, во единечната група 3321 „Осигурителни застапници”, по шифрата 3321.12, се додаваат 12 нови шифри 3321.13, 3321.14, 3321.15, 3321.16, 3321.17, 3321.18, 3321.19, 3321.20, 3321.21, 3321.22, 3321.23 и 3321.24, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3321.13 | Раководител за застапување во осигурувањето |
| 3321.14 | Раководител за осигурително-брокерски работи |
| 3321.15 | Осигурителен брокер |
| 3321.16 | Соработник за директна продажба |
| 3321.17 | Соработник за индиректна продажба |
| 3321.18 | Соработник за јавни набавки во осигурувањето |
| 3321.19 | Преземач на ризик |
| 3321.20 | Тарифирач на полиси за осигурување |
| 3321.21 | Референт за евиденција на полиси |
| 3321.22 | Проценител на штети |
| 3321.23 | Референт за пријава на штети |
| 3321.24 | Агент за бизнис-продажба” |

Во единечната група 3323 „Набавувачи”, по шифрата 3323.02, се додава нова шифра 3323.03, која гласи:

| | |
|---|---|
| „3323.03 | Референт за набавка” |

Во споредна група 333 „Агенти за деловни услуги”, во единечната група 3331 „Агенти за клиринг и шпедиција”, по шифрата 3331.05, се додаваат две нови шифри 3331.06 и 3331.07, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3331.06 | Шпедитерски царински застапник |
| 3331.07 | Шпедитер” |

Во единечната група 3332 „Планери на конференции и слични настани”, по шифрата 3332.09, се додава нова шифра 3332.10, која гласи:

| | |
|---|---|
| „3332.10 | Организатор на настани” |

Во споредна група 334 „Административни и специјализирани секретари”, во единечната група 3341 „Канцелариски надгледувачи”, по шифрата 3341.07, се додаваат три нови шифри 3341.08, 3341.09 и 3341.10, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3341.08 | Одговорно лице за работење на регистрација |
| 3341.09 | Помошник на одговорното лице за работење на регистрација |
| 3341.10 | Овластено лице за регистрација“ |

Во споредна група 335 „Царински службеници, даночни, полициски и референти за социјална заштита и сродни владини стручни соработници”, во единечната група 3359 „Царински службеници, даночни, полициски и сродни владини помошници и референти кои не се класифицирани на друго место”, по шифрата 3359.05, се додава нова шифра 3359.06, која гласи:

| | |
|---|---|
| „3359.06 | Референт за плати и надоместоци на вработените” |

Во Подгрупа 34 „Правни, општествени и културни стручни соработници”, споредна група 342 „Спортски и фитнес-работници”, во единечната група 3422 „Спортски тренери, инструктори и службеници”, по шифрата 3422.06, се додава нова шифра 3422.07, која гласи:

| | |
|---|---|
| „3422.07 | Работник со млади” |

Во Подгрупа 35 „Техничари за информатичка и комуникациска технологија”, споредна група 351 „ИКТ оператори и техничари за поддршка на корисниците”, во единечната група 3513 „Техничари за компјутерски системи и мрежи”, по шифрата 3513.04, се додаваат четири нови шифри 3513.05, 3513.06, 3513.07 и 3513.08, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3513.05 | Администратор за поддршка на регистарски и деловно-процесни системи |
| 3513.06 | Администратор за поддршка на е-услуги и корисници |
| 3513.07 | Технички соработник за информатичка инфраструктура |
| 3513.08 | Оператор за компјутерски системи и мрежи” |

Во единечната група 3514 „Веб-техничари”, по шифрата 3514.02, се додаваат четири нови шифри 3514.03, 3514.04, 3514.05 и 3514.06, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „3514.03 | Оператор за веб-дизајн |
| 3514.04 | Оператор за графички дизајн |
| 3514.05 | Оператор за дизајн |
| 3514.06 | Оператор за наслови” |

Во главна група 4 „СЛУЖБЕНИЦИ”, Подгрупа 43 „Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот”, споредна група 431 „Службеници во книговодство, финансии и статистика”, во единечната група 4311 „Службеници во книговодство”, по шифрата 4311.09, се додаваат две нови шифри 4311.10 и 4311.11, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „4311.10 | Помошник-сметководител |
| 4311.11 | Службеник во сметководство” |

Во споредна група 432 „Службеници за евиденција на материјалите и транспортот”, во единечната група 4321 „Магационери и сродни занимања”, по шифрата 4321.09, се додава нова шифра 4321.10, која гласи:

| | |
|---|---|
| „4321.10 | Лице за анализа и кодификација на резервни делови” |

Во единечната група 4322 „Службеници во производство”, по шифрата 4322.04, се додава нова шифра 4322.05, која гласи:

| | |
|---|---|
| „4322.05 | Контролор” |

Во единечната група 4323 „Транспортни службеници”, по шифрата 4323.11, се додава нова шифра 4323.12, која гласи:

| | |
|---|---|
| „4323.12 | Референт за логистика во патниот сообраќај” |

Во главна група 5 „РАБОТНИЦИ ВО УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ И ПРОДАЖБА”, Подгрупа 51 „Работници во персонални служби”, споредна група 511 „Придружници при патување, кондуктери и водичи”, во единечната група 5113 „Туристички водичи”, по шифрата 5113.09, се додава нова шифра 5113.10, која гласи:

| | |
|---|---|
| „5113.10 | Инструктор за екотуризам” |

Во споредна група 512 „Готвачи”, во единечната група 5120 „Готвачи”, по шифрата 5120.04, се додаваат две нови шифри 5120.05 и 5120.06, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „5120.05 | Главен готвач |
| 5120.06 | Готвач гастроном” |

Во споредна група 513 „Келнери и шанкери”, во единечната група 5132 „Шанкери”, по шифрата 5132.04, се додава нова шифра 5132.05, која гласи:

| | |
|---|---|
| „5132.05 | Барист (бариста)” |

Во споредна група 514 „Фризери, козметичари и сродни занимања”, во единечната група 5141 „Фризери”, по шифрата 5141.03, се додаваат две нови шифри 5141.04 и 5141.05, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „5141.04 | Фризер |
| 5141.05 | Фризер за жени и мажи” |

Во единечната група 5142 „Козметичари и сродни занимања”, по шифрата 5142.06, се додаваат шест нови шифри 5142.07, 5142.08, 5142.09, 5142.10, 5142.11 и 5142.12, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „5142.07 | Маникир и педикир |
| 5142.08 | Естетичар за нега на раце и нозе |
| 5142.09 | Декоративен маникир |
| 5142.10 | Надградба на нокти |
| 5142.11 | Надградба на трепки |
| 5142.12 | Масер за козметичка масажа” |

Во споредна група 515 „Надгледувачи за одржување на згради и домари", во единечната група 5151 „Надгледувачи за чистење и водење домаќинства во канцеларии, хотели и други установи", по шифрата 5151.08, се додава нова шифра 5151.09, која гласи:

| | |
|---|---|
| „5151.09 | Домар на објекти за живеење" |

Во Подгрупа 53 „Занимања за лична нега и сродни занимања", споредна група 532 „Занимања за лична нега во здравството", во единечната група 5322 „Негувател на болни лица во домашни услови", по шифрата 5322.04, се додаваат пет нови шифри 5322.05, 5322.06, 5322.07, 5322.08 и 5322.09, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „5322.05 | Личен асистент |
| 5322.06 | Негувател на лица со попреченост |
| 5322.07 | Негувател за самостојно живеење на лица со попреченост |
| 5322.08 | Личен асистент на лица со попреченост |
| 5322.09 | Личен асистент на лица со оштетен вид" |

Во главна група 6 „СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО, РИБАРСТВОТО И ЛОВОТ", Подгрупа 61 „Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници", споредна група 611 „Полјоделци, овоштари, лозари и градинари", во единечната група 6144 „Одгледувачи на мешовито производство", по шифрата 6114.02, се додаваат две нови шифри 6114.03 и 6114.04, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „6114.03 | Производител на биохрана |
| 6114.04 | Органски земјоделец" |

Во главна група 7 „ЗАНИМАЊА ЗА НЕИНДУСТРИСКИ НАЧИН НА РАБОТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО", Подгрупа 71 „Градежни и сродни градежни работници", споредна група 711 „Ѕидари и сродни градежни занимања", во единечната група 7112 „Ѕидари и сродни градежни занимања", по шифрата 7112.13, се додава нова шифра 7112.14, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7112.14 | Шалувач" |

Во единечната група 7113 ,,Каменорезец, каменорезбар и гравер", по шифрата 7113.03, се додава нова шифра 7113.04, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7113.04 | Обработувач на камен" |

Во споредна група 712 „Занимања за завршни градежни работници и сродни градежни работи", во единечната група 7127 „Инсталатери за греење и климатизација", по шифрата 7127.03, се додава нова шифра 7127.04, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7127.04 | Монтер на комбинирани сончеви системи" |

Во Подгрупа 72 „Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања", споредна група 721 „Леари на метали, лимари, заварувачи и сродни занимања", во единечната група 7212 „Заварувачи и сечачи со пламен", по шифрата 7212.07, се додаваат четири нови шифри 7212.08, 7212.09, 7212.10 и 7212.11, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „7212.08 | Флемач |
| 7212.09 | Заварувач (рачно електролачно и пламенско заварување) |
| 7212.10 | Заварувач на металинертен гас и металактивен гас |
| 7212.11 | Заварувач со аргон" |

Во споредна група 723 „Механичари и монтери на машини", во единечната група 7231 „Механичари и монтери на моторни возила", по шифрата 7231.12, се додава нова шифра 7231.13, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7231.13 | Дијагностичар на мехатронички системи кај возилата" |

Во единечната група 7233 „Механичари и монтери на земјоделски и индустриски машини", по шифрата 7233.81, се додаваат три нови шифри 7233.82, 7233.83 и 7233.84, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „7233.82 | Сервисер на системи за ладење и топлински пумпи што содржат јаглерод диоксид (CO2) како средство за ладење |
| 7233.83 | Сервисер на системи за ладење и топлински пумпи што содржат јаглеводород како средство за ладење |
| 7233.84 | Сервисер на системи за ладење и топлински пумпи што содржат флуорирани гасови како средство за ладење" |

Во Подгрупа 73 „Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари", споредна група 732 „Работници на печатење и сродни занимања", во единечната група 7322 „Печатари", по шифрата 7322.17, се додава нова шифра 7322.18, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7322.18 | Ракувач со печатарска машина за дигитално печатење на ролни и тврди материјали" |

Во Подгрупа 74 „Работници со електротехнологија", споредна група 741 „Електроинсталатери и сродни занимања", во единечната група 7412 „Електрични механичари и електромонтери", по шифрата 7412.27, се додава нова шифра 7412.28, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7412.28 | Електромеханичар за термички и разладни уреди" |

Во Подгрупа 75 „Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања", споредна група 751 „Преработувачи на храна и сродни занимања", во единечната група 7512 „Пекари, слаткари и сродни занимања", по шифрата 7512.08, се додаваат три нови шифри 7512.09, 7512.10 и 7512.11, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „7512.09 | Производител на колачи |
| 7512.10 | Изработувач на кондиторски и пекарски производи |
| 7512.11 | Производител на леб, бурек и бели печива" |

Во споредна група 752 „Обработувачи на дрво, столари и сродни занимања", во единечната група 7521 „Обработувачи на дрво", по шифрата 7521.05, се додава нова шифра 7521.06, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7521.06 | Работник во пилана” |

Во споредна група 753 „Произведувачи и обработувачи на текстил и сродни занимања”, во единечната група 7533 „Шивачи, порабувачи и сродни занимања”, по шифрата 7533.08, се додава нова шифра 7533.09, која гласи:

| | |
|---|---|
| „7533.09 | Шивач на горна облека” |

Во главна група 8 „РАКУВАЧИ И СОСТАВУВАЧИ НА МАШИНИ И ПОСТРОЈКИ”, Подгрупа 81 „Ракувачи на машини и постројки”, споредна група 811 „Ракувачи со постројки за руда и обработка на минерали”, во единечната група 8114 „Ракувачи со машини и постројки за камен, бетон и други минерални производи”, по шифрата 8114.11, се додаваат седум нови шифри 8114.12, 8114.13, 8114.14, 8114.15, 8114.16, 8114.17 и 8114.18, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „8114.12 | Ракувачи со машини за производство на неметални минерални производи |
| 8114.13 | Работник на реактор, примач и манипулант со битумени |
| 8114.14 | Работник на разредени битумени и емулзија |
| 8114.15 | Работник на битуменски маси и изработка на полибим |
| 8114.16 | Работник на битуменски ленти |
| 8114.17 | Работник и припремач на наносна маса |
| 8114.18 | Работник на викел” |

Во споредна група 812 „Ракувачи со машини и постројки за обработка на метали и финиширање”, во единечната група 8121 „Ракувачи со постројки за обработка на метал”, по шифрата 8121.45, се додаваат шест нови шифри 8121.46, 8121.47, 8121.48, 8121.49, 8121.50 и 8121.51, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „8121.46 | Оператор на машина |
| 8121.47 | Ракувач со машина за виткање метал под агол |
| 8121.48 | Оператор на автоматска машина за производство на магнетни трансформаторски јадра |
| 8121.49 | Оператор на автоматска машина за надолжно сечење и намотување лим |
| 8121.50 | Ракувач со апарати за заварување |
| 8121.51 | Оператор во контрола за пакување” |

Во споредна група 815 „Ракувачи со машини за текстил, крзно и кожа”, во единечната група 8152 „Ракувачи со машини за ткаење и плетење”, по шифрата 8152.06, се додава нова шифра 8152.07, која гласи:

| | |
|---|---|
| „8152.07 | Сновач” |

Во единечната група 8154 „Ракувачи со машини за белење, боење и чистење на текстил, кожа и крзно”, по шифрата 8154.20, се додаваат шест нови шифри 8154.21, 8154.22, 8154.23, 8154.24, 8154.25 и 8154.26, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „8154.21 | Компјутерско вклопување на кројни делови |
| 8154.22 | Печатач на кројни слики |
| 8154.23 | Машинско положување ткаенини |
| 8154.24 | Работник за грубо кроење со прогресерка |
| 8154.25 | Работник за фино кроење со бансек |
| 8154.26 | Ракувач со автоматска машина за кроење” |

Во споредна група 818 „Други ракувачи на машини и постројки”, во единечната група 8189 „Ракувачи на машини и постројки, некласифицирани на друго место”, по шифрата 8189.15, се додава нова шифра 8189.16, која гласи:

| | |
|---|---|
| „8189.16 | Оператор на постројки за обновлива енергија” |

Во Подгрупа 83 „Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж”, споредна група 832 „Возачи на моторни возила”, во единечната група 8322 „Возачи на автомобили, такси-возила и комбиња”, по шифрата 8322.05, се додава нова шифра 8322.06, која гласи:

| | |
|---|---|
| „8322.06 | Возач доставувач” |

Во споредна група 833 „Возачи на тешки возила и автобуси”, во единечната група 8332 „Возачи на тешки товарни и влечни возила”, по шифрата 8332.13, се додаваат две нови шифри 8332.14 и 8332.15, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „8332.14 | Специјалист за управување со отпад |
| 8332.15 | Специјалист за преработка на органски отпад” |

Во споредна група 834 „Возачи и ракувачи со транспортни направи”, во единечната група 8342 „Ракувачи со градежни и слични машини”, по шифрата 8342.33, се додаваат две нови шифри 8342.34 и 8342.35, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „8342.34 | Багерист |
| 8342.35 | Ракувач со градежна механизација за површинска експлоатација” |

Во единечната група 8343 „Ракувачи со кранови, дигалки и слични постројки”, по шифрата 8343.16, се додаваат две нови шифри 8343.17 и 8343.18, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „8343.17 | Ракувач со мостна, портална и конзолна дигалка |
| 8343.18 | Ракувач со автодигалка” |

Во главна група 9 „ЕЛЕМЕНТАРНИ ЗАНИМАЊА”, Подгрупа 91 „Чистачи и помошници”, споредна група 911 „Домашни, хотелски и канцелариски чистачи и помошници”, во единечната група 9112 „Чистачи и помошници во канцеларии, хотели и други установи”, по шифрата 9112.11, се додаваат две нови шифри 9112.12 и 9112.13, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „9112.12 | Хигиеничар |
| 9112.13 | Чистач” |

Во споредна група 912 „Рачни мијачи на автомобили, прозорци, перачи и слични работници", во единечната група 9123 „Мијачи на прозорци", се додава нова шифра 9123.01, која гласи:

| | |
|---|---|
| „9123.01 | Чистач на прозорци" |

Во Подгрупа 92 „Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството", споредна група 921 „Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството", во единечната група 9214 „Општи работници за градинарско и хортикултурно производство", по шифрата 9214.04, се додава нова шифра 9214.05, која гласи:

| | |
|---|---|
| „9214.05 | Работник за одржување зелени површини" |

Во Подгрупа 93 „Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот", споредна група 932 „Општи работници во производството", во единечната група 9329 „Општи работници во производството, некласифицирани на друго место", по шифрата 9329.29, се додава нова шифра 9329.30, која гласи:

| | |
|---|---|
| „9329.30 | Работник за рециклирање" |

Во споредна група 933 „Општи работници во транспортот и работата со товари", во единечната група 9333 „Работници со товар", по шифрата 9333.13, се додава нова шифра 9333.14, која гласи:

| | |
|---|---|
| „9333.14 | Доставувач на материјали по оддели" |

Во Подгрупа 95 „Улични продавачи и други услужни работници", споредна група 951 „Улични и други услужни работници", во единечната група 9510 „Улични и други услужни работници", по шифрата 9510.04, се додаваат две нови шифри 9510.05 и 9510.06, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „9510.05 | Лепач на излози и возила |
| 9510.06 | Службеник на паркинг или работник на паркинг". |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 57-1132/11
14 април 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.